РЕАКЦИЈА

# АБОРТУСОТ
## Е ПРАВО НА ИЗБОР!!!

Се обраќаме до македонската јавност со реакција на екстремно конзервативните, репресивни општествени струи, кои затскривајќи се зад параванот на религијата и заштитата на правото на човекот на живот, деновиве дистрибуираат постери и флаери со тврдење дека абортусот е убиство:

*„Господ ги сака раѓањето и животот. Нашата МПЦ тоа многу пати го кажала“* ???

*„Правото на избор постои до моментот на зачнувањето, а потоа постои правото на живот“* ????

Се прашуваме во кое време и во кој општествен систем сака да не врати оваа група, која промовира бесмислени пораки и притоа, го прикрива својот вистински идентитет од јавноста.

Во оваа прилика, на иницијаторите на оваа кампања нивните партнери во Македонија и до сите други кои сметаат дека 99 отсто од случаите на прекин на бременоста се сосема неоправдани им ја упатуваме следнава порака:

**ОБИДИТЕ ЗА БИЛО КАКВО ОГРАНИЧУВАЊЕ, А ДА НЕ ЗБОРУВАМЕ ЗА ЗАБРАНА НА ПРАВОТО НА ЖЕНИТЕ ДА РАСПОЛАГААТ СО СВОИТЕ ТЕЛА ПРЕТСТАВУВАТ НАПАД НА КОЈ ЌЕ МУ СЕ СПРОТИВСТАВИМЕ СО СИТЕ СИЛИ И АРГУМЕНТИ.**

Апсолутно не го промовираме абортусот како метод за планирање на семејството, но сме против каква било политика која ќе го ограничи правото на избор. Ова со сигурност ќе резултира со нелегални и нестручно изведени абортуси.

Ние, долупотпишаните не сме убијци!

1. Здружение на граѓани „Акција Здруженска“
2. Здружение за еманципација,солидарност и еднаквост на жените на Р.М.- ЕСЕ
3. Фондација Институт Отворено Општество - Македонија
4. Полио плус – движење против хендикеп
5. Национален совет на жени на Македонија - СОЖМ
6. Истражувачки центар за родови студии
7. Македонски центар за женски права – Шелтер центар
8. НВО Инфо центар
9. Женска Граѓанска Иницијатива АНТИКО,
10. Македонско женско лоби
11. Клуб на жени пратеници во Собранието на РМ
12. Женски центар „ Жена на 21 век“, Куманово ( Хуманитарно здружение „Мајка“, Организација на жени „Кумановка“, Здружение на жени „Коло на српските сестри“, Здружение на жени „Сирма“, С.А.Ж.М.-огранок Куманово, Организација на жени Куманово „Виор“, Здружение на интелектуална жена Албанка, Здружение на граѓани „Халчо Ал Брова“)
13. Фондација за локален развој и демократија „ ФОКУС „ Велес
14. ХОПС-опции за здрав живот - Скопје
15. ХОПС- Куманово
16. Организација на жени- Скопје
17. Неформална Коалиција за Заштита и Промоција на Сексуални и Здравствени Права на МСМ/ЛГБТ и сексуални работници/чки ( МАССО, ХОПС, ЕГАЛ, ЦГЦП, ММНС, ХЕРА и ИЗБОР-Струмица)
18. Здружение на граѓани за поддршка на меѓуетнички дијалог и развој на заедницата „Заеднички вредности“
19. НВО „Зона“ Кавадарци
20. Граѓанска иницијатива на жени „ГИЖ“ Свети Николе
21. Женска граѓанска иницијатива „Клеа“ – Битола
22. Центар за мир и демократија „Иан Колинс“
23. НВО ХЕПТА - Асоцијација за здравствена едукација, превенција и подобар третман
24. Македонски центар за европско образование
25. Ромска асоцијација за жени и млади „Лулуди“
26. Центар за човекови права и разрешување конфликти
27. Мрежа „Женска акција“
28. www.femgerila@blog.com.mk
29. Елена Грозданова
30. Јорданка Петрушевска
31. Витомир Георгиевски
32. Снежана Орловиќ Стојановиќ
33. Виолета Дракулевска
34. Ребека Рамадан
35. Кома лаб.